СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА (COOKIES)

Со оваа Политика се објаснуваат категориите на колачиња кои ги користи Банката, која е нивната намена, на кој начин може да се изменат претпочитаните опции, ги објаснува технологиите кои се поставуваат за прибирање на податоци поврзани со користењето на веб-страна на Банката како и комуникација преку e-mail.

Овие технологии, во најголем дел кои се користат кај секоја веб-страна и се дел од речиси секоја рекламна e-mail порака испратена преку интернет, се познати под името "колачиња" (анг. Cookie и "веб- патокази)".

**Колачиња (анг. Cookie)** едноставна текстуална датотека која се запишува на WEB пребарувачот за време додека корисникот прегледува WEB страници. WEB страниците претставуваат соодветни вредности за cookie на уредот на корисникот така што тие можат да се поврзат со активностите кои корисникот ги прави на WEB апликацијата.

## Што претставуваат колачињата и како се користат на нашата веб-страна?

Колачето претставува мало количество на податоци, текстуални датотеки, кое најчесто содржи и уникатен идентификатор. Колачињата може да се испратат до Вашиот прелиствувач кога ќе ја посетите нашата веб-страна. Тие се складираат во веб-прелиствувачот во Вашиот уред (компјутер или мобилен уред) при посетата на некоја веб-страна. Колачињата чуваат информации за Вашите поставки во веб-прелиствувачот, како на пример: јазик, големина на фонт како и самиот факт дека веќе сте посетиле одредени страници. На тој начин, при повторна посета на истата страница не мора повторно да ги поставувате.

Тел.: +389 47 207 500 Факс: +389 47 207 513
stbbt@stbbt.mk
www.stbbt.mk
Добривоје Радосављевиќ 21, 7000 Битола, Македонија
ЕМБС: 5026377 ЕДБ: 4002995103351 Стопанска Банка а.д. Битола 500-0000000001-24

75 ГОДИНИ ТРАДИЦИЈА

Некои колачиња се складираат само за време на Вашата посета на нашата веб-страна. Овие колачиња се познати како привремени колачиња. Другите, познати како трајни колачиња, може да останат складирани во Вашиот компјутер по посетата, а нашата веб-страна ќе може да пристапи до нив при секоја Ваша повторна посета на веб-страната.

**Видови на колачиња кои ги користиме:**

**Задолжителни колачиња** во кои спаѓаат:

**Основни или привремени колачиња (сесиски колачиња)**
Основните колачиња може да се користат со цел да Ви овозможиме да ги добивате услугите кои сте ги побарале преку нашата веб-страна. Без овие колачиња, услугите кои сте ги побарале нема да може да Ви бидат испорачани. Овие колачиња автоматски ќе бидат избришани од Вашиот компјутер со прекинување на тековната сесија или затворање на прелистувачот.
На пример, овие колачиња може да се користат на нашата веб-страна за запомнување на претходните активности кои сте ги извршиле (како што е пополнување на формулар) при враќање на претходната страница за време на истата сесија.

**Останатите колачиња (аналитички и маркетинг) банката не ги користи**.

**Може ли да се избришат или контролират колачињата (cookies)?**

Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за Ваше лично идентификување. Прифаќањето на дополнителните колачиња (cookies) не е неопходно за работа на веб страницата, но истите би Ви овозможиле подобро искуство во пребарувањето.

Можете да ги избришете сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на Вашиот компјутер и можете да ги нагодите поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување. Доколку го сторите ова, можеби ќе има потреба рачно да ги прилагодувате преференциите секој пат кога посетувате веб-страница, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалности.

Нагодувањето на колачињата може да го направите преку опцијата „Поставки за колачиња" каде може да ги нагодите колачињата кои не се задолжителни. Со кликање на копчето „Поставки за колачиња" излегува опија да се оневозможуваат аналитичките и маркетинг колачињата, освен задолжителните колачиња кои секогаш остануваат активни бидејќи се неопходни за веб-страницата да може правилно да функционира.

**Доколку не сакате да користите колачиња**

Во случај кога не сакате да користите колачиња како што е наведено, или ако се премислите откако ќе се согласите со нашата употреба на колачињата, можете да ги избришете преку Вашиот пребарувач. Во продолжение се дадени примери на поставки за не следење „Do not track preferences". Функцијата за неследење им овозможува на поситителите да не бидат следени од веб-страниците. Оваа опција е возможна на повеќе интернет прабарувачи, како што се на пример:

- Chrome
- Microsoft edge
- Firefox
- Safari
- Opera

**Рок на задржување (траење) на колачињата Категорија: Задолжителни (неопходни) колачиња**

- Сесиските колачиња автоматски се бришат со прекинување на тековната сесија или затворање на прелистувачот

- Функционалните (постојани) колачиња останувaат во датотеката на колачето на пребарувачот во временскиот период кој зависи од изборот што ќе го направите во поставките на Вашиот интернет- пребарувач.